# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА
# СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА

**за период од 2026 до 2030 година**




Битола

Јули 2026 г.

Врз основа на член 29 - а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), и согласно одредбите од Правилникот за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште број 13-11881/1 од 04.09.2025 година, донесен од министерот за образование и наука, Училишниот одбор на Средното општинско училиште ,,Таки Даскало“ – Битола донесува **Развојна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола за периодот 2026-2030 година**.

Развојната програма претставува стратешки документ со кој се определуваат мисијата и визијата на училиштето, приоритетните подрачја за развој, целите, активностите, носителите на реализацијата, временската рамка и индикаторите за следење и вреднување на резултатите од работата на училиштето.

Со Развојната програма се планираат мерки и активности за унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот на наставата, професионалниот развој на наставниот кадар, условите за работа, училишната клима, безбедноста на учениците, соработката со родителите, локалната самоуправа, деловната заедница и другите релевантни институции.

Програмата се темели на принципите на законитост, еднаквост, инклузивност, недискриминација, транспарентност, отчетност, квалитет и континуиран развој, во согласност со националните образовни политики, стратешките документи на Министерството за образование и наука на РСМ и потребите на локалната заедница.

При изготвувањето на Развојната програма се земени предвид резултатите од самовреднувањето на училиштето, интегралната евалуација, извештаите за работата на училиштето, анализата на постигнувањата на учениците, кадровските и материјално-техничките услови, како и мислењата и предлозите на наставниците, учениците, родителите и социјалните партнери.

Развојната програма има за цел да обезбеди систематско и планско унапредување на работата на училиштето, создавање современа и стимулативна средина за учење, развој на компетенциите на учениците и подготовка на младите за понатамошно образование, нивно вклучување во пазарот на трудот и активно учество во општествениот живот.

| Развојна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола | |
|---|---|
| **Училиште** | Средно општинско училиште ,,Таки Даскало” – Битола |
| Адреса | ул. „Димитар Илиевски-Мурато“ бр.37, Битола |
| Телефон, е-пошта | 047 220-192<br>sou-takidaskalo-bitola@schools.mk |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | мај 2026 – јули 2026 г. |
| Број на ученици во училиштето | 794 |
| Вид на образование | Гимназиско и стручно образование |
| Сектори и квалификации | • Геологија, рударство и металургија - Геолошко, рударски техничар<br>• Градежништво и геодезија - Градежен/архитектонски техничар<br>• Сообраќај, транспорт и складирање - Техничар за транспорт и шпедиција / Техничар за патен сообраќај<br>• Угостителство и туризам - Хотелско-туристички техничар<br>• Графичарство - Печатар/Графички техничар/Графички уредник-дизајнер<br>• Лични услуги - Техничар за козметичка нега и убавина<br>• Текстил, кожа и слични производи - Техничар за изработка на облека/Техничар за дизајн на облека<br>• Гимназија - гимназиско образование и билингвална паралелка |
| **Директор** | Ристо Грујовски |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Донесување од Училишниот одбор** | Сашо Илиевски, претседател на УО |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

## Содржина


1. **Податоци за СОУ „Таки Даскало“ – Битола**
   1.1. Идентификациски податоци за СОУ „Таки Даскало“ – Битола
   1.2. Историјат на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на СОУ „Таки Даскало“ – Битола (СВОТ анализа)**

4. **Мисија и визија на СОУ „Таки Даскало“ – Битола**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на СОУ „Таки Даскало“ – Битола**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на СОУ „Таки Даскало“ – Битола**

## 1. Податоци за СОУ „Таки Даскало“ – Битола

### 1.1. Идентификациски податоци за СОУ „Таки Даскало“ – Битола

| Податоци | |
|---|---|
| Назив на средното училиште | Средно општинско училиште „Таки Даскало“ – Битола |
| Адреса | ул. „Димитар Илиевски-Мурато“ бр.37, Битола |
| Телефон | 047 220-192 |
| Место, општина | Битола |
| Интернет-страница | https://takidaskalo.edu.mk/ |
| Е-пошта | sou-takidaskalo-bitola@schools.mk |
| Ден на училиштето | 3 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 6.412,43 $m^2$ |
| Училиштен двор ($m^2$) | 5.078 $m^2$ |
| Место на реализација на дејноста надвор од седиштето на средното училиште | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1530 ученици |
| Број на ученици | 787 |
| Број на паралелки | 43 |
| Број на паралелки по сектори и квалификации | • Геологија, рударство и металургија – Геолошко-рударски техничар – **4 паралелки**<br>• Градежништво и геодезија – Градежен/архитектонски техничар – **4 паралелки**<br>• Сообраќај, транспорт и складирање – Техничар за транспорт и шпедиција / Техничар за патен сообраќај – **8 паралелки**<br>• Угостителство и туризам – Хотелско-туристички техничар – **4 паралелки**<br>• Графичарство – Печатар / Графички техничар / Графички уредник – дизајнер – **7 паралелки**<br>• Лични услуги – Техничар за козметичка нега и убавина – **4 паралелки**<br>• Текстил, кожа и слични производи – Техничар за изработка на облека / Техничар за дизајн на облека – **4 паралелки**<br>• Гимназија – гимназиско образование и билингвална паралелка – **8 паралелки** |
| Програми за постсредно образование и број на учесници | Возач-инструктор – 7 учесници |
| Програми за образование на возрасни и број на учесници | / |
| Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и број на кандидати | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во средното училиште има паралелки од уметничко образование | / |
| Во средното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациски податоци карактеристични за средното училиште | / |

## 1.2. Историјат на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

СОУ „Таки Даскало“ – Битола започнало со работа на 1 септември 1984 година, со одлука на Собранието на Општина Битола за трансформација и здружување на Гимназијата „Браќа Миладиновци“ и Училиштето за занимања „Кочо Рацин“. Формирањето на училиштето било во согласност со концептот на средно насочено образование, чија цел била подготовка на стручни кадри според потребите на стопанството и пазарот на трудот.

Во 1985 година училиштето го добива името „Таки Даскало“, а истовремено добива и верификација за изведување настава во повеќе струки: рударско-геолошка, сообраќајна, градежно-архитектонска, текстилна, кожарско-гумарска и прехранбена. Со реформите во образованието низ годините, училиштето постојано се модернизирало и ја проширувало својата образовна понуда.

Од учебната 1993/94 година се воведуваат профилите печатар и графички техничар од графичката струка, а од учебната 1997/98 година повторно е застапено гимназиското образование. Со акт бр. 03-2475/1 од 15.05.2004 година во гимназиското образование одобрена е билингвална паралелка англиско-македонска. Од учебната 2001/02 година воведено е реформирано гимназиско образование.

Со акт 09-526/2 од 20.04.2005 година добиена е верификација за специјалистичко образование од графичка и сообраќајна струка.

Со акт 11-42/1 од 04.01.2011 година добиена е верификација за градежно-геодетска струка, а со акт бр 11-6683/7-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование ракувач со рударски машини и со акт бр. 11-6683/6-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование печатар и изработувач на визуелни апликации.

Со акт 12-2526 од 24.12.2015 година добиена е верификација за угостителско-туристичка струка, хотелско-туристички техничар.

Со акт бр. УП113-2796 од 09.06.2020 од учебната 2019/2020 година, добиена е верификација за струката лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина, а со акт бр. 13-6276/5, од 27.05.2026 година добиена е верификација за воведување на дуално образование во сектор лични услуги. Од учебната 2026/27 година дуално образование се воведува и во секторот графичарство, графички техничар и графички уредник-дизајнер и во секторот градежништво и геодезија, градежен и архитектонски техничар.

Со акт 13-2226/4 од 27.05.2025 година одобрена е верификација и за V степен постстредно образование за возач инструктор-специјалист.

Во училиштето е овозможена хоризонтална и вертикална проодност со полагање на дополнителни испити во стручно и гимназиско образование.

СОУ „Таки Даскало“ – Битола денес е препознатливо по својата долгогодишна традиција, квалитетна настава, современи услови за работа, активно учество во проекти и натпревари, како и по бројните успеси на учениците и наставниците на локално и државно ниво. Училиштето претставува современ образовен центар кој континуирано се развива и ги следи потребите на современото образование и општество.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

| Стратешка цел 1: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна соработка, градење партнерства и поттикнување на мобилноста** | 1.1 Претставување и афирмација на училиштето како училиште кое се стреми кон европски стандарди | √ | | | Училиштето активно учествуваше во Erasmus+ проекти, меѓународни конференции, симпозиуми и студиски посети. Остварена е соработка со училишта од повеќе европски земји, што придонесе за унапредување на компетенциите на наставниците и учениците и зголемена видливост на Училиштето. Успешно беа организирани бројни мобилности во Училиштето, подготвени се огромен број на промотивни материјали и е-магазини на македонски и англиски јазик. |
| Стратешка цел 2: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Градење партнерство со родителите и локалната заедница** | 2.1 Вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес | | √ | | Родителите се вклучуваат почесто во воннаставните активности, а ретко во редовната настава (како гости на час, предавачи, консултанти и сл.) |
| | 2.2 Вклучување на родителите во работата на училиштето | √ | | | Родителите активно учествуваа во работата на Советот на родители, Одборот на родители и Училишниот одбор, но беше забележана недоволна вклученост на дел од родителите во наставата и воннаставните активности, во училиштни тимови како: Училиштен инклузивен тим, Индивидуални инклузивни тимови, Тим за меѓуетничка интеграција и др. |
| | 2.3 Соработка со локалната заедница за успешно вклучување на учениците во заедницата по завршувањето на средното образование | √ | | | Реализирани се заеднички активности со локалната заедница, невладини организации и бизнис-секторот преку проекти, обуки, работилници, јавни настани, практична настава и УПР. Ова придонесе за подобрување на практичните вештини и професионалната ориентација на учениците. |
| Стратешка цел 3: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Подобрување на условите за учење и работа** | 3.1 Опремување на кабинети со современи наставни средства | | √ | | Реновирани се повеќе кабинети и набавена е нова опрема, смарт табли и ИКТ средства. Сепак, недостигот од финансиски средства не овозможи целосно опремување на сите кабинети. |
| | 3.2 Обезбедување услови за инклузија на ученици со посебни образовни потреби | | √ | | Формиран е Училиштен инклузивен тим и посебни инклузивни тимови, а обезбедени беа и образовни асистенти. Сè уште постои недостаток на дефектолог и поголема вклученост на учениците со ПОП во воннаставни активности. Потребно е да се реадаптира училницата за ПОП. |
| | 3.3 Воведување на нови наставни профили | | √ | | Не се отворени нови наставни профили. Направена е верификација на петти степен возач-инструктор специјалист во 2025 г. |
| | 3.4 Формирање на мултимедијален центар | | √ | | Формиран е тим и изработен е проект, но не е целосно реализирано опремувањето и ставањето во функција на центарот поради недостиг на финансии. |
| | 3.5 Ставање во функција на просторија за здрава храна | | | √ | Оваа цел не е реализирана заради неможност за обезбедување финансиски средства |
| | 3.6 Подобрување на училишната клима и односи | √ | | | Реализирани се обуки, работилници и заеднички активности со ученици, родители и наставници. Подобрена е комуникацијата и соработката помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес. |
| Стратешка цел 4: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Еко училиште** | 4.1 Вклучување на сите чинители во еколошки активности | √ | | | Реализирани се еко-проекти, акции за пошумување, активности за реупотреба и рециклирање на материјали, за уредување на училишниот двор и бројни наставни часови со еко-содржини. Учениците активно учествуваа во наведените активности и во еко-секции и еко-патроли. Наши наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | учествуваа во изработка на наставни програми, прирачници и учебници со еко-содржини. |
| | 4.2 Соработка со локалната средина за реализација на еко-активности | √ | | | Училиштето успешно соработуваше со локалната заедница и НВО секторот преку работилници, трибини, дебати, натпревари и еколошки кампањи. |
| Стратешка цел 5: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Развој на образовните можности за возрасните и неформалното образование** | 5.1 Специјалистичко образование за возрасни за сообраќајната и графичката струка | | √ | | Реализирано е барање за верификација на петти степен возач-инструктор специјалист, организирани се консултации и испити за занимањето возач-инструктор. Сè уште не е обезбедена верификација за петти степен за графичката струка. |
| | 5.2 Соработка со Центарот за образование на возрасни и бизнис-секторот | | √ | | Остварена е соработка преку заеднички проекти и тематски клубови. |
| Стратешка цел 6: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Обезбедување атмосфера за поддршка и позитивни идеи** | 6.1 Поддршка на наставниците и учениците за развој на позитивни идеи | √ | | | Во училиштето се создаде позитивна и поттикнувачка атмосфера преку транспарентност, пофалби, награди и поддршка на иницијативи и креативни идеи. |
| Стратешка цел 7: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Поддржување на професионалниот развој на наставниците** | 7.1 Професионално и стручно усовршување на наставниците | √ | | | Голем дел од наставниците активно учествуваа на семинари, конференции, обуки и Erasmus+ активности. Зголемен е бројот на наставници со повисоки научни звања и професионални компетенции (Марија Младеновска-Димитровска е избрана во звање стручен соработник-ментор, а Весна Мундишевска-Велјановска во звање наставник-ментор). Значителен број наставници активно учествуваа во изработка на наставни програми во соработка со ЦСРО и БРО, а голем број наставници од стручното образование се автори на бројни учебници. |
| | 7.2 Обезбедување стручна литература и материјали | √ | | | Набавена е стручна литература, дел со средства од училиштето, а дел со донации. Исто така се користат книги и стручна литература во електронска форма од е-учебници и други е-извори. |
| Стратешка цел 8: | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Инфраструктурно подобрување на условите за учење и работа** | 8.1 Подобрување на условите за реализација на наставата по спорт | √ | | | Направена е реконструкција на спортските сали и спортските терени, соблекувалните, ВЦ-а за деца со ПОП. |
| | 8.2 Подобрување на условите за учење и работа | √ | | | Реализирани се значајни инфраструктурни зафати: промена на покрив, фасада, дограма, адаптација на простории и реконструкција на дел од училиштниот простор, реконструкција на училиштната инсталација и скалите во блок Б, реконструкција на подот во училниците во блок А и блок Б, фотоволтаична централа, промена на инвентарот во училниците, набавка на нова компјутерска опрема, телевизори, нови табли, смарт-табла во блок А и блок Б, а обезбеден е и нов инвентар за психолошко-педагошката служба. Сепак, остануваат потреби за реконструкција на електричната инсталација, санитарните јазли и делови од училишниот двор. |
| | 8.3 Адаптирање на подрумските простории во функција на наставата | | √ | | Формиран е тим и изработен е проект, но целосната реализација е ограничена поради финансиски средства. |

Докази за реализацијата:

- Годишни програми за работа на Училиштето за периодот 2022 до 2026 г.
- Годишни и полугодишни извештаи за работа на Училиштето за периодот 2022 до 2026 г.
- Извештаи за спроведени самоевалвации
- Извештај за спроведена интегрална евалвација на Училиштето
- веб-страница и Фејсбук страници на Училиштето и одделните струки
- училишни списанија: „Грст“, „Разгледи“, „Графопрес“ и е-магазини од Ерасмус+ проектите

## 3. Фактори што влијат на развојот на СОУ „Таки Даскало“ – Битола (СВОТ анализа)

(*СВОТ анализата се заснова на анализата на резултатите од самоевалуацијата и интегралната евалуација, односно од извештаите по спроведувањето на овие два процеса, а се однесува на функционирањето на училиштето, неговите силни страни, слаби страни и ресурси гледано од различни агли (вработени, ученици, претставници на локалната заедница) во сите подрачја од работата на училиштето*.)

**СВОТ анализа**

| Предности (силни страни) на училиштето | Слабости (слаби страни) на училиште |
|---|---|
| Стручен и професионален наставен кадар со континуирано стручно усовршување | Недоволна вклученост на родителите во наставата и во воннаставните активности |
| Активно учество во Erasmus+ проекти и меѓународна соработка | Недостиг на стручна опрема за кабинетите |
| Добра соработка со локалната заедница, НВО секторот, бизнис-заедницата и високообразовни институции | Потреба од вработување на стручен кадар (дефектолог) за работа со ученици со ПОП и обуки за наставниците за работа со деца со ПОП |
| Развиен инклузивен пристап и функционирање на Училиштен инклузивен тим | Недоволна вклученост на учениците со ПОП во воннаставните активности |
| Реновирани училишни простории, кабинети и подобрени услови за работа | Недоволна реализација на дополнителната и додатната настава |
| Примена на современи наставни методи во наставата | Застарена електрична инсталација и потреба од дополнителни инфраструктурни зафати во блок А |
| Позитивна училишна клима и добра комуникација меѓу наставници, ученици и родители | Недоволно опремени кабинети за практична настава и УПР |
| Учество во работилници и проекти и издаваштчка дејност на Училиштето | Немање целосно адаптирани санитарни јазли за ученици со телесни пречки |
| Интегрирање на еко-содржини во наставните и воннаставните активности | Отсуство на организирано афирмирање на постигнувањата на учениците и наставниците |
| Богата библиотека и просторни услови за реализација на наставата | |
| Воведување на дуално образование | |

| Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки, предизвици што произлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
|---|---|
| Користење на европски фондови и програми за модернизација на училиштето | Намалување на бројот на ученици поради демографски промени и миграција |
| Продлабочување на соработката со локалната заедница, бизнис-секторот и високообразовните институции | Брзи технолошки промени кои бараат континуирано обновување на опремата |
| Воведување нови образовни профили согласно потребите на пазарот на труд | Социјални и економски проблеми кај дел од семејствата кои влијаат врз успехот и редовноста на учениците |
| Примена на ВИ и современи форми на настава | Можни енергетски и економски кризи кои влијаат врз одржувањето на училиштето |
| Подобрување на практичната настава и УПР преку соработка со компании и институции | Ризик од појава на насилство, девијантни однесувања и негативни влијанија од социјалните мрежи |
| Развој на неформално образование и образование за возрасни | Недоволна заинтересираност на дел од родителите за активна соработка со училиштето |
| Можност за дополнително опремување на училиштето преку донации и проекти | |
| Опремување на модерна библиотека и мултимедијален простор за семинари и воннаставни активности | |

## 4. Мисија и визија на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

**Мисија** на СОУ „Таки Даскало“ – Битола е квалитетно, современо и инклузивно образование за сите, современ образовен процес кој ќе понуди стекнување знаења и компетенции согласно современите текови, барањата на пазарот на трудот, адаптиран на индивидуалните можности и потреби на учениците. Преку примена на современи наставни методи, ИКТ технологија, практична настава и континуирано стручно усовршување на наставниот кадар, училиштето да создава услови за стекнување знаења, вештини, креативност, иновативност, компетитивност и конкурентност на пазарот на труд, истовремено и поттикнување на демократските вредности на учениците и наставниот кадар, мотивацијата за напредување, инклузивност и соработка меѓу учениците и наставниците, соработка со родителите, локалната заедница, грижа за унапредување на здравјето и безбедноста на учениците, унапредување на училишната клима, заемната почит, тимската работа и поттикнување на кариерниот и професионален развој на учениците и наставниците.

**Визијата** на СОУ „Таки Даскало“ – Битола е да биде современо училиште кое им нуди на учениците квалитетно гимназиско и стручно образование, усогласено со европските образовни стандарди и потребите на пазарот на трудот, преку следење на современите форми и методи кои се применливи во практиката и мотивирање на наставниот кадар за континуирано професионално усовршување, апликативни знаења согласно современите европски и светски трендови. Нашата визија ќе ја остариме преку континуирано унапредување на наставниот процес, меѓународна соработка, примена на современа образовна технологија, соочување со предизвиците на современиот образовен систем, градење демократски вредности, демократска култура, приспособливост на наставниот кадар на современите текови, развој на компетенциите за соработка, емпатичност, ентузијазам, јазични комуникациски вештини за интер и интра културен дијалог, создавање генерации ученици кои се стручно оспособени, самостојни, креативни, одговорни и подготвени за успешно вклучување во современото општество и конкурентни на пазарот на труд.

.

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| 1. Унапредување на квалитетот на наставниот процес и процесот на учење, кариерен развој на учениците и младински активизам | Подобрувањето на квалитетот на наставниот процес претставува еден од најзначајните приоритети на училиштето бидејќи директно влијае врз успехот, мотивацијата и компетенциите на учениците. Современите образовни текови бараат примена на интерактивни методи, дигитални алатки, истражувачка настава и индивидуализиран пристап кон учениците. Потребно е:<br>• Континуирано подобрување на наставните планирања и методите на оценување, развој на дигитална писменост и дигитални вештини во процесот на настава со цел учениците да стекнат критичко размислување и практични вештини применливи во секојдневниот живот и на пазарот на трудот.<br>• Професионален развој на учениците преку спроведување на програмата за кариерно советување и кариерен развој, и реализација на проекти од областа на кариерното советување.<br>• Промовирање и поттикнување на младински активизам, волонтерство и младинско учество. |
| 2. Подобрување на инфраструктурата и условите за работа | Квалитетната инфраструктура претставува основен предуслов за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Иако во изминатиот период се реализирани значајни инфраструктурни зафати, сè уште постои потреба од дополнителна модернизација на училниците, кабинетите, санитарните јазли и електричната инсталација.<br>Подобрувањето на условите за работа ќе овозможи побезбедна, пофункционална и помотивирачка средина за учениците и наставниците, како и поголема енергетска ефикасност и подобра организација на наставниот процес. |
| 3. Развој и унапредување на инклузивното образование | Инклузивноста претставува една од основните вредности на современото образование. Училиштето има обврска да обезбеди еднаков пристап до образование за сите ученици, независно од нивните способности, потреби или социјална припадност. Поради тоа, неопходно е:<br>• понатамошно јакнење на капацитетите на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби,<br>• изработка на индивидуални образовни планови и<br>• подобрување на просторните и техничките услови за нивна целосна интеграција и<br>• зголемувањето на вклученоста на овие ученици во воннаставните активности и животот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| 4. Професионален развој и стручно усовршување на наставниот кадар | Современите образовни предизвици бараат наставниците постојано да ги надградуваат своите професионални компетенции. Континуираното стручно усовршување преку обуки, семинари, учество на конференции, објава на сопствени стручни и научни трудови и изданија, подготовка на стручен билтен за наставниците „Разгледи“, вклучување во Erasmus+ проекти и споделување на искуства придонесува за примена на современи наставни стратегии, иновативни пристапи и подобрување на квалитетот на наставата.<br>Професионално оспособен наставен кадар претставува клучен фактор за успехот и развојот на училиштето, зголемување на нивото на стручните компетенции за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес за примена на активни методи на настава и интерактивно учење. |
| 5. Подобрување на соработката со родителите и локалната заедница | Соработката со родителите и локалната заедница има значајна улога во создавање позитивна училишна клима и поддршка на учениците. Потребно е поголемо вклучување на родителите во наставата, донесувањето одлуки и реализацијата на активности и проекти. Истовремено, соработката со локалната заедница, невладиниот сектор, високообразовни институции, бизнис-заедницата, овозможува подобри услови за настава, реализација на проекти и професионално ориентирање на учениците. |
| 6. Развој на меѓународна соработка и мобилност | Меѓународната соработка претставува важен сегмент во развојот на училиштето. Преку учество во Erasmus+ проекти, меѓународни конференции, студиски посети и партнерства со училишта од други земји, учениците и наставниците стекнуваат нови знаења, искуства и компетенции.<br>Овие активности придонесуваат за промоција на училиштето, развој на интеркултурна комуникација, јазични вештини и европски вредности. |
| 7. Развој на практичната настава и УПР и поврзување со пазарот на трудот | Како стручно училиште, особено значајно е учениците да стекнуваат практични знаења и вештини применливи во реални работни услови. Потребно е дополнително унапредување на практичната настава и УПР преку модернизација на кабинетите, обезбедување современа опрема и интензивирање на соработката со компании, институции и бизнис-секторот. На овој начин учениците ќе бидат подобро подготвени за (само)вработување или продолжување на образованието. |
| 8. Поттикнување на еколошката свест и одржливиот развој | Развивањето еколошка свест кај учениците и вработените е значајно за создавање одговорен однос кон животната средина. Училиштето придонесува за развој на позитивни навики и еколошка култура преку:<br>• разновидни еко-активности во и вон наставата,<br>• акции за рециклирање (на хартија, текстилен и друг отпад),<br>• работилници за реупотреба на материјали,<br>• уредување на Еко-соба, |

| | |
|---|---|
| | • објавување на еко-содржини во училишните списанија,<br>• пошумување и уредување на училишниот двор.<br>Потребно е продолжување и проширување на еко-проектите и интегрирање на содржини од одржлив развој во наставниот процес. |
| 9. Подобрување на училишната клима, безбедноста, демократското учество на учениците, меѓучовечките односи и грижа и унапредување на менталното здравје | Создавањето позитивна, безбедна и поддржувачка атмосфера е предуслов за успешно учење и работа. Училиштето континуирано работи на развивање култура на почитување, толеранција, еднаквост, меѓуетничка интеграција, меѓусебна соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите. Во таа насока се организираат работилници, обуки, дебати, предавања од стручната служба, но и од наставниците во рамки на одделенскиот час и наставните предмети, како и во соработка со стручни лица од соодветни организации и институции. Формиран е Тим за превенција и пријавување на насилство и злоупотреба.<br>Потребно е понатамошно јакнење на превентивните активности за спречување насилство, дискриминација и девијантни појави, како и промовирање на позитивни вредности и демократско учество на учениците во животот на училиштето, грижа и унапредување на менталното здравје и организирање на психоедукација.<br>Училиштето е вклучено во втората фаза од проектот „Квалитетно образование за сите“ и ќе реализира менторско поучување на наставници од други училишта и вмрежување со други училишта. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

### Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| 1. Унапредување на квалитетот на наставниот процес и процесот на учење, кариерен развој на учениците и младински активизам | Обезбедување квалитетна, современа и ефикасна настава преку примена на современи наставни методи, дигитални технологии и континуирано професионално усовршување на наставниците |
| 2. Подобрување на инфраструктурата и условите за работа | Модернизација и унапредување на училишната инфраструктура, кабинетите и наставните средства со цел создавање безбедни, функционални и современи услови за реализација на квалитетна теоретска и практична настава и УПР |
| 3. Развој и унапредување на инклузивното образование | Создавање инклузивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина |
| 4. Професионален развој и стручно усовршување на наставниот кадар | Континуиран професионален и кариерен развој на наставниот кадар |
| 5. Подобрување на соработката со родителите и локалната заедница | Јакнење на соработката со родителите и локалната заедница |
| 6. Развој на меѓународна соработка и мобилност | Унапредување на меѓународната соработка преку активно учество во Ерасмус+ програми, проекти и мобилност |
| 7. Развој на практичната настава и УПР и поврзување со пазарот на трудот | Развој на практичната настава и УПР |
| 8. Поттикнување на еколошката свест и одржливиот развој | Развивање на еколошката свест, култура и одговорност кај учениците и вработените, преку реализација на еко-проекти, активностите за заштита на животната средина и примена на принципите на одржлив развој во училиштето |
| 9. Подобрување на училишната клима, безбедноста и демократското учество на учениците | Создавање позитивна, демократска и поддржувачка училишна клима |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** |
|---|---|
| Обезбедување квалитетна, современа и ефикасна настава преку примена на современи наставни методи, дигитални технологии и континуирано професионално усовршување на наставниците | 1.1. Примена на современи наставни методи и дигитални алатки во наставата.<br>1.2. Подобрување на процесот на следење и оценување на постигањата на учениците.<br>1.3. Континуирано стручно усовршување на наставниците преку обуки, семинари и проекти.<br>1.4. Примена на дигиталните алатки во наставата и воспитно-образовниот процес. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Модернизација и унапредување на училишната инфраструктура, кабинетите и наставните средства со цел создавање безбедни, функционални и современи услови за реализација на квалитетна теоретска и практична настава и УПР | 2.1. Подобрување на безбедноста и функционалноста на училишниот простор.<br>2.2. Опремување на кабинетите и училниците со современа ИКТ и наставни средства и помагала.<br>2.3. Унапредување на условите за реализација на практичната настава и УПР. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Создавање инклузивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина | 3.1. Подобрување на поддршката за учениците со посебни образовни потреби.<br>3.2. Јакнење на превентивните активности за безбедност и спречување насилство.<br>3.3. Поттикнување на позитивна комуникација, толеранција и соработка меѓу учениците и наставниците. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
| Континуиран професионален и кариерен развој на наставниот кадар | 4.1. Подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар согласно современите текови.<br>4.2.Развивање на современи и иновативни наставни практики.<br>4.3.Создавање култура на континуирано учење, соработка и професионално споделување. |
| **Стратешка цел 5** | **Развојни цели** |
| Јакнење на соработката со родителите и локалната заедница | 5.1.Зголемување на вклученоста на родителите во животот и работата на училиштето.<br>5.2.Унапредување на соработката на училиштето со локалната заедница. |

| Стратешка цел 6 | Развојни цели |
|---|---|
| Унапредување на меѓународната соработка преку активно учество во Еразмус+ програми, проекти и мобилност | 6.1.Зголемување на учество на ученици и наставници во Еразмус плус мобилности и проекти.<br>6.2.Развивање на партнерства со образовни институции од странство.<br>6.3.Поттикнување на интеркултурна комуникација и јазични компетенции кај учениците и наставниците. |
| **Стратешка цел 7** | **Развојни цели** |
| Развој на практичната настава и УПР | 7.1.Развивање партнерства со компании и институции за реализација на практична настава и УПР.<br>7.2.Развој на практичната настава и УПР. |
| **Стратешка цел 8** | **Развојни цели** |
| Развивање на еколошката свест, култура и одговорност кај учениците и вработените, преку реализација на еко-проекти, активностите за заштита на животната средина и примена на принципите на одржлив развој во училиштето | 8.1.Организирање и реализација на еко-акции и проекти.<br>8.2.Интеграција на еколошките содржини во планирањата на наставниците. |
| **Стратешка цел 9** | **Развојни цели** |
| Создавање позитивна, демократска и поддржувачка училишна клима | 9.1: Поттикнување активно учество на учениците во училишниот живот и донесувањето одлуки.<br>9.2:Организирање активности за развој на демократска култура и меѓусебна почит.<br>9.3: Подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу учениците, наставниците и родителите. |

## 7. Акциски план за реализација на развојната програма на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

**Стратешка цел 1:**
**Обезбедување квалитетна, современа и ефикасна настава преку примена на современи наставни методи, дигитални технологии и континуирано професионално усовршување на наставниците**

**Развојна цел 1.1.** Примена на современи наставни методи и дигитални алатки во наставата.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање обуки за наставници за користење на современи методи и техники на настава и примена на ИКТ | Зголемен број на наставници кои користат современи методи и техники на настава | МОН, БРО, ЦРСО<br>Директор<br>Стручна служба<br>Стручни соработници-ментори<br>Наставници-ментори | Континуирано во периодот 2026-2030 година | ИКТ опрема<br>Помошни материјали<br>Финансиски средства | Тим за квалитет<br>Тим за стратешко планирање<br>Тим за професионален развој<br>Стручни соработници | Извештаи<br>Увид на часови |
| Изработка и примена на дигитални наставни содржини | Зголемен процент на наставници кои користат различни дигитални алатки и интерактивна настава | Наставници<br>Стручни активи<br>Стручна служба<br>Стручни соработници-ментори<br>Наставници-ментори | Континуирано во периодот 2026-2030 година | ИКТ опрема<br>Интернет | Тим за квалитет<br>Стручни активи<br>Стручни соработници | Планирања на наставниците<br>Анкети |
| Организирање интерактивни работилници и обуки | Поголема активност и мотивација кај учениците | Наставници<br>Стручни активи | Секоја учебна година во периодот 2026-2030 година | ИКТ опрема<br>Наставни материјали | Тим за квалитет<br>Тим за професионален развој<br>Стручни соработници | Извештаи<br>Фотографии<br>Објави во училиштни гласила и медиуми |

**Развојна цел 1.2.** Подобрување на процесот на следење и оценување на постигањата на учениците.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање обуки за наставници за примена на современи форми и методи на оценување | Зголемен број на наставници кои користат различни методи и техники на оценување<br>Примена на формативно и сумативно оценување | МОН<br>БРО<br>ЦРСО<br>Директор<br>Стручна служба<br>Стручни соработници-ментори<br>Наставници-ментори | Континуирано во периодот 2026-2030 година | ИКТ опрема<br>Помошни материјали<br>Финансиски средства | Тим за квалитет<br>Тим за професионален развој<br>Тим за анализа, следење и оценување<br>Стручни соработници | Извештаи<br>Увид на часови |
| Континуирано следење и анализа на напредокот на учениците | Зголемување на соработката со учениците, родителите, класните раководители и со наставниците<br>Подобрени постигања и редовност на учениците | Наставници,<br>Класни раководители,<br>Стручна служба | Секоја учебна година во периодот 2026-2030 година | Анализи и извештаи | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за анализа, следење и оценување<br>Тим за квалитет | Статистички податоци во стручна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање дополнителна и додатна настава | Поголема присутност на ученици на дополнителна и додатна настава<br>Подобрени резултати кај учениците | Наставници,<br>Стручна служба | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Наставни средства<br>Извештаи и анализи | Директор<br>Стручна служба | Е-дневник<br>Планирања на наставниците<br>Извештаи на стручните активи |
| Мотивирање на учениците за поголеми постигања и поттикнување на натпреварувачки от дух | Зголемен број на освоени награди и признанија и учества на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво<br>Изграден систем на наградување на талентираните ученици | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Одговорни наставници за воннаставни активности<br>Кариерни советници | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Правилници од МОН и од Училиштето<br>Извештаи од учества на натпревари<br>Извештаи за освоени награди<br>Годишен извештај на Училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Тим за квалитет | Извештаи на стручни активи<br>Извештаи од учества на натпревари<br>Извештаи за освоени награди<br>Годишен извештај на Училиштето<br>Објави во училиштни гласила и медиуми |

**Развојна цел 1.3.** Континуирано стручно усовршување на наставниците преку обуки, семинари и проекти.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | Изготвена анализа на потребите на наставниот кадар за стручно усовршување | Тим за професионален развој | Секоја учебна година во периодот 2026-2030 | Формулари<br>ИКТ опрема<br>Листа на обуки од МОН | Директор<br>Тим за квалитет | Анализа<br>Извештаи |
| Учество на наставниците на обуки, семинари и конференции | Зголемен број посетени обуки, семинари и конференции од страна на наставниците | Директор<br>Наставници<br>Стручни активи | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Финансиски средства<br>Помошни материјали | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за професионален развој | Сертификати<br>Извештаи<br>Годишен извештај на Училиштето |
| Организирање интерни работилници | Размена на добри практики | Стручна служба<br>Стручни активи<br>Стручни соработници-ментори<br>Наставници-ментори | Секоја учебна година во периодот 2026-2030 | ИКТ опрема<br>Помошни материјали | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Тим за професионален развој | Извештаи од реализирани работилници<br>Објави во училиштни гласила и медиуми |
| Учество во Erasmus+ проекти и проекти од МОН и НВО за изработка на наставни програми и стручни изданија | Подобрени професионални компетенции<br>Зголемен број наставници-автори на учебници и стручни трудови | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Тим за професионален развој | Континуирано во периодот 2026-2030 година | ИКТ опрема<br>Финансиски средства за објава на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ и други изданија | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Тим за професионален развој<br>Тим за квалитет | Извештаи на стручни активи<br>Годишен извештај на Училиштето<br>Објавени учебници и прирачници<br>Објавени наставни планови и програми на БРО и ЦРСО<br>Објави на трудови во научни и стручни списанија и зборници од конференции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Издадени броеви на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ и други изданија |

**Развојна цел 1.4.** Примена на дигиталните алатки во наставата и воспитно-образовниот процес.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на потребите на наставниот кадар за обуки за користење на ВИ | Изготвена анализа на потребите на наставниот кадар за користење на ВИ | Тим за професионален развој | Секоја учебна година во периодот 2026-2030 | Формулари<br>ИКТ опрема<br>Листа на обуки од МОН | Директор<br>Тим за квалитет | Анализа<br>Извештаи |
| Организирање обуки за користење ВИ алатки во наставата | Број на наставници обучени за примена на ВИ<br>Примена на ВИ алатки за подготовка на наставни содржини | Обучувачи од МОН, БРО и ЦРСО<br>Обучени наставници | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Интернет<br>Компјутери<br>Софтвер за ВИ | Директор<br>Стручна служба | Сертификати<br>Извештаи од обуки<br>Планирања на наставниците |
| Интерни обуки, дисеминации и работилници за етичка и безбедна примена на ВИ | Подигната свест за етичка и безбедна употреба на ВИ | Обучувачи<br>Стручна служба<br>Наставници | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Интернет<br>Компјутери<br>Софтвер за ВИ | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за квалитет<br>Тим за безбедност и самозаштита | Анкети<br>Извештаи<br>Анализи<br>Годишен извештај на Училиштето |

## Стратешка цел 2:

## Модернизација и унапредување на училишната инфраструктура, кабинетите и наставните средства со цел создавање безбедни, функционални и современи услови за реализација на квалитетна теоретска и практична настава и УПР

**Развојна цел 2.1.** Подобрување на безбедноста и функционалноста на училишниот простор.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на санитарните јазли, канализационата и водоводната мрежа на училиштето | Инфраструктурно подобрување и осовременување на просторно-техничките услови за работа во училиштето | Менаџмент на Училиштето<br>Локална заедница<br>Бизнис заедница<br>Стручни активи | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Проектни документи<br>Дозволи<br>Решенија<br>Финансиски средства | Училиштен одбор<br>Директор<br>Тим за стратешко планирање<br>Тим за квалитет<br>Проектни тимови за изготвување на проектна документација | Проектна документација<br>Извештаи<br>Договори<br>Фотографии<br>Објави во медиуми |
| Поставување на термичко-изолациона фасада на зградата во блок А | Зголемена енергетска ефикасност и заштеда на енергија во училиштето, | Менаџмент на Училиштето<br>Локална заедница<br>Бизнис заедница | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Проектни документи<br>Дозволи<br>Решенија<br>Финансиски средства | Училиштен одбор<br>Директор<br>Тим за стратешко планирање<br>Тим за квалитет<br>Проектни тимови за | Проектна документација<br>Извештаи<br>Договори<br>Фотографии<br>Објави во медиуми |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | намалени трошоци | | | | изготвување на проектна документација | |
| Преуредување на библиотеката во современ мултимедијален простор | Создавање на мултимедијален простор и конференциска сала за состаноци, за изведување на семинари, конференции, обуки и сл. | Менаџмент на Училиштето<br>Библиотекар<br>Донатори<br>Локална и бизнис заедница | Континуирано во периодот 2026-2030 година | Проектни документи<br>Финансиски средства | Директор<br>Тим за стратешко планирање<br>Тим за квалитет | Проектна документација<br>Извештаи<br>Објави во медиуми |
| **Развојна цел 2.2.** Опремување на кабинетите и училниците со современа ИКТ и наставни средства и помагала. | | | | | | |
